**АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ**

# ОПЕРАТИВЕН ПЛАН ЗА 2023 ГОДИНА

## ЗА РЕАЛИЗИРАЊЕ НА АКЦИСКИОТ ПЛАН ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА КОНВЕНЦИЈАТА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ И БОРБА ПРОТИВ НАСИЛСТВОТО ВРЗ ЖЕНИТЕ И ДОМАШНОТО НАСИЛСТВО 2018-2023

Обврските од Акцискиот план за спроведување на Конвенцијата за спречување и борба против насилството врз жените и домашното насилство (Истанбулската Конвенција) 2018-2023, што се предвидени за Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (АВМУ) се наоѓаат во „Цел 3: Превенција на родово-базираното насилство и семејното насилство" каде Агенцијата е носителка на активноста „Спроведување обуки на претставници на Советот за етика во медиумите на Македонија - СЕММ, АВМУ и на медиумски професионалци за начинот на известување за прашања поврзани со РБН". Освен ова, АВМУ, во улогата на партнерка, е посочена кај активноста „Спроведување национална медиумска кампања за подигање на свеста за сите форми родово базирано насилство/промовирање на родовата еднаквост и елиминирање на стереотипите за родовите улоги".

Во 2021 година за потребите на Агенцијата беше изработен Водич за мониторинг на известувањето за родово засновано насилство, а пак во 2022 во соработка со Коалицијата Маргини и Националната мрежа против насилство врз жените и семејно насилство беше организирана работилница на тема „Родово заснованото насилство и професионалните стандарди за новинарско известување" која беше наменета за професионалните медиумски работници и на неа присуствуваа претставници од националните радија и телевизии.

| **Цел 3: Превенција на родово-базираното насилство и семејното насилство** | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **Активност** | **Одговорна институција/организација** | **Индикатори** | **Временска рамка** | **Извори на финансирање** |
| **Спроведување обука за мониторинг на примената на стандардите за известување за случаи на родово базирано насилство за медиумски професионалци (по потреба и за претставници на Советот за етика во медиумите и на АВМУ)** | Носител:<br><br>АВМУ - Сектор за програмски работи - Одделение за човекови права и медиумска писменост | Број на обучени медиумски професионалци | Активноста ќе се реализира во текот на 2023 година | Буџет на АВМУ и/или со средства од проектот ПРОФРЕКС, финансиран од ЕУ и Советот на Европа |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Организирање работилница за Водичот за мониторинг на известувањето за родовобазирано насилство | | | | |

Во 2023 година, АВМУ, самостојно или во соработка со други организации, ќе реализира обука за известување за родово базирано насилство за медиумски професионалци, по потреба и за вработените во Агенцијата и за претставници на Советот за етика во медиумите на Македонија (СЕММ). Во табелата се посочени индикаторите, временската рамка за реализација и изворите на финансирање.

Во врска со активноста: „*Спроведување национална медиумска кампања за подигање на свеста за сите форми на родово-базирано насилство/промовирање на родовата еднаквост и елиминирање на стереотипите за родовите улоги*“, каде одговорна институција е Владата на Република Северна Македонија, а партнери се: Агенцијата, МТСП, МЗ, МРТВ, и ГО, доколку Владата предвиди кампања за 2023 година, Агенцијата, на нејзино барање, ќе соработува во рамките на своите капацитети и можности.

Бр. 03-4915/1

28.12.2022 година
Скопје

**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

**Директор**

-----------------------------------------------

**д-р Зоран ТРАЈЧЕВСКИ**